**Изјава по завршетокот на мисијата на ММФ на Македонија**

Мисијата на ММФ предводена од Марк Грифитс престојуваше во Скопје од 1 до 8 април 2008 година со цел да разговара за макроекономскиот развој како и да се подготви за понатамошни разговори за време на Пролетните Средби на ММФ и Светска Банка. Мисијата за четвртиот преглед во рамки на Програмата на владата поддржана од Фондот е начелно планирана за јуни.

Економскиот моментум продолжува. Порастот на реалниот БДП надмина 5 проценти во 2007 година, а порастот на индустриското производство надмина 10 проценти во почетокот на 2008 година.

Меѓутоа, макроекономските притисоци се зголемија. Инфлацијата се зголеми на 10 проценти на годишно ниво во март, во најголем дел како резултат од повисоките светски цени на храната и на енергијата. Поголемиот увоз на автомобили, енергија и храна, како и малото намалување на приватните трансфери од странство го зголемија дефицитот на тековната сметка.

Иако зголемувањето на цените е главно предизвикано од надворешни фактори, монетарните и фискалните политики сега треба да преземат чекори за ограничување на какво било повторно зголемување на домашните плати и цени, со цел стапката на инфлација да може набрзо да се врати повторно на пониско ниво.

Најпрво, мисијата ја поддржува одлуката на Народна банка за зголемување на каматната стапка на 6 проценти. Меѓутоа, веројатно ќе биде неопходно Народна банка да преземе натамошни мерки за да ја намали стапката на рапиден кредитен растеж и да го исполни таргетот за нето девизните резерви утврдени со Програмата.

Второ, владата помогна во напорите за справување со инфлацијата преку обезбедување вишоци во буџетот во текот на првиот квартал годинава. Ваквата поддршка треба да продолжи. Даночните приходи годинава нагло се зголемуваат: и наместо да се подготвува ребаланс на буџетот со кој би се зголемиле трошењата, овие приходи сега треба да се заштедат.

Доколку владата и Народна банка ги спроведат здравите фискални и монетарни политики наведени погоре, тоа би требало да го ограничи зголемувањето на дефицитот на тековната сметка и да ја намали инфлацијата на ниско едноцифрено ниво до крајот на годинава.

Во услови на зголемување на макроекономските предизвици, исто така потребно е структурните реформи да продолжат за да се поттикнат растежот и да се намали невработеноста.  Мисијата повторно препорачува владата да ги намали трошоците за работната сила, поврзувајќи ги придонесите за здравствено осигурување на работниците со скратено работно време со фактички одработените работни часови, и може да си дозволи да не претпоставува дека тие работат полно работно време. Минималните основици за социјалните придонеси исто така би требало да се намалат и конечно да се напуштат.  Овие реформи ќе ги доведат фирмите и вработените назад во формалната економија и така ќе ја намалат стапката на невработеноста.  Мисијата исто така препорачува властите да се придржуваат кон временската рамка, утврдена во Програмата, за интегрирање на наплатата на социјалните продонеси како и за хармонизирање на нивните основици на тој начин користејќи ги фактичките наспроти договорените плати.

Финансирањето во енергетскиот сектор е нејасно и останува ризик за буџетот. Цените на електричната енергија во Македонија се меѓу најниските во регионот. Воедно скапиот увоз на електрична енергија годинава веројатно ќе биде многу повисок од планираниот.  Тоа резултира во зголемени финансиски загуби на МЕПСО, што креираат задоцнети плаќања, што пак го влошуваат финансирањето на ЕЛЕМ.  Овие загуби би требало директно да се вклучат во Буџетот, тарифите за домаќинствата постепено да се покачуваат во согласност со меѓународните цени (со истовремено зголемување на социјалната заштита) со цел намалување на овие загуби како и подобрување на финансиската транспарентност во овој сектор.

Накратко, додека економскиот растеж останува силен, макроекономските притисоци се зголемија.  Мисијата им посакува на властите секаков успех во остварувањето на овие предизвици, и им се заблагодарува на властите како и на сите граѓани на Македонија со кои се сретнавме во текот на минатата недела за нивната помош и гостопримство.

Скопје, 8. април 2008